Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.бр.11-2450/9

Дата:21.12.2020 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито бб
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената Програма за изменување и дополнување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци, глава I, точка 13, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на Јавна Презентација и Јавна Анкета**

По **Детален урбанистички план за УЕ 6 за дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци**.

Граници на планскиот опфат се :

- на север границата се движи по осовината на сервисна улица 24 - булевар „Кочо Рацин",
- на исток границата се движи по осовината на сервисна улица 19 кеј „Блажо Алексов“,
- на југ границата се движи по осовината на сервисна улица 5 „Мирче Ацев“ и
- на запад границата се движи по осовината на станбена улица - „Партизанска“.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,64 ха.

**Јавна Презентација и јавна анкета** ќе се спроведе со излагање на **Детален урбанистички план за УЕ 6 за дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов" КО Кавадарци град**во просториите на Општина Кавадарци.

Јавната анкета трае од 29.12.2020 до 15.01.2021 година, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Во спомнатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12.01.2021 година (Вторник) во 11.00 часот во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.